РАДОВАН СТОИЛОВ

# КАКОКАЛИНКА
# И ДРУГИ

С О Д Р Ж И Н А


- Другарство
- Расказот за Какокалинка
- Сестричките с о С
- „За пролетта“
- Запознавање
- Питачки празник
- Трите мудрости на Оливија
- Каде патува Оливија
- Авиони
- Патување
- Сакам да ви подарам нешто
- Огромно „О“
- Сестрички
- Брбуркала
- Момче од приказна
- Чедо и Мила
- Малиот Жегавец
- Црнецот Мрав Белоглав
- Кокошката болест носи
- Моливи од шеќер
- Глаголење
- „За есента“

## ДРУГАРСТВО

Имаат ли сите деца свој другар со кој ќе го минат летото кога не се оди на училиште, кога се осамени дома? Мене ми е лесно в село. Добро ми е. Јас го имам својот другар Велосипед од Сончоглед. Имаат ли децата од градот познанство со Сончоглед? Знам, и на село не го познава секоја куќа. Да, Ване не знае и затоа нема свој летен другар. Вистински го жалам Ване што нема свој летен другар... Но, нешто мора да има. Секое дете летото мора да го мине со некој свој другар. А сега ќе ви зборувам за мојот другар Велосипед од Сончоглед.

Еве како го добив:

Се прошетав како вистински агроном низ нивата во која растеа широколисни зелени сончогледи. Не е важно што секој лист е големо зелено срце. Ни што стеблата завршуваат со расцветено сонце. Важно, стеблото е израстено два метри, мазно и исправено. Се задржав на две такви стебла кои завршуваа со големи чинии — жолти глави. Тоа беа два зрели сончогледи чии стебла беа доволно дебели за да се состави вистински рамот на мојот велосипед. И главите беа доволно големи за да се употребат за тркала. За да се изработи овој велосипед е потребно само едно обично ноже. Ете така, сам си го направив. И, имав свој другар.

Три дена си ги поминавме како птици во лет. Секаде јас и мојот другар Велосипед од Сончоглед. На четвртиот ден се случи сообраќајна несреќа. Удривме во едно свинче. Јас си го раскрвавив носот. Велосипедот одлета на страна на два дела. Додека гледав наоколу дали ме гледаат за да заплачам, една крава ги проголта двете тркала од мојот велосипед.

Сега што да правам сам? Да знаете колку е тешко да си без другар. Тогаш ме посети Ване кој беше се скарал со својот Кош без Дно. Започнавме вистинско другарство и уште другаруваме.

## РАСКАЗОТ НА КАКОКАЛИНКА

Не сум којзнае колкава ученичка. Кога бев уште колку, колку помала сакав да одам на училиште. Како зошто? Мислев дека училиштето е како куќа, како со поубав мебел, како и со повеќе играчки, а учителката не е ништо друго, туку како мајка со повеќе деца, како кукличиња.

Како?

Навистина, татко ми ме водеше во толкавото училиште, во толкавата канцеларија, во толкавите училници, но јас сакав да имам своја учителка

како што имам своја мајка, да имам своја другарка како што имам своја сестричка, своја кукла.

Како?

Мојата сестричка е голема и таа веќе од кога оди на училиште. Зарем јас сум малечка? Како, до вчера заедно си игравме а сега таа е голема, а јас не? Има тука некоја неправда. Кога таа се врати првиот ден од училиште, ми рече:

— Какокалинка, нека бидат за тебе сите секакви играчки!

Како?

И додаде толку дарежливо:

— Какокалинко! И мама нека биде само како твоја!

Како?

Главата ми се завртка. Таа не ги сака веќе како куклите, така таа не ја сака ни мама! Како тоа ме расплака.

— Какокалинка, зошто плачеш? — праша мајка ми.

Како?

Како „Зошто“? Зарем нема зошто? Како да им речам!?!! Дада Калина не ја сака мама. А ние сме близначки. И двете сме Калини само јас се разликувам со две К повеќе и тоа е доказ дека јас сум поголема.

Како?

Му реков на татко ми и тој рече дека тргнувам и јас. И почна татко ми да раскажува како не се заборава говорот научен од мајката, како не се заборавaат буквите што ги покажува учителката... Како треба да оди секој на училиште и колку може повеќе да слуша и учи...

Кога појдов на училиште, тогаш разбрав дека во сè е иста учителката како мајка. Од мама го научив своето име, а учителката ми покажа како да го пишувам. Јас ја сакам учителката колку и мама. Верувајте, тоа е право. Но, вие како сакате.

Еден ден тате со задоволство прочита пред сите една моја домашна задача:

„Мојата учителка е иста мајка. Има моменти кога и двете ми подвикнуваат. Има моменти кога и двете ми помогнуваат. И двете најмногу ми се радуваат. О, јас сум ластовичка во сигурно гнездо! О, учителке! Тебе ти должам за сета ука; Ти ми ја кажа првата буква! “

Како?

*Јас и Калина ја запеавме песничката за учителката:*
*Со парче од „шеќер“ по таблата шета*
*Нè води кон среќа на радост што лета.*
*Нè подига горе на ѕвездите житни*
*Во синото море на желбите ситни.*
*Пак кога се враќа, веселост зацарува*
*Што грижи ѝ праќаме, а таа нè дарува...*

— Како?
Кај сте да кренете два прста како Калина и како Какокалинка!

## СЕСТРИЧКИТЕ СО  С

Со Соња сношти саноќ седеше смуртена смрчка. Смрчкосано чело ѝ ги смрсиле свилените праменчиња на косата, а светкавичните очиња секнеа само силни светкавици. Сето тоа значеше дека сите сили се спротивуваат да се разведри строгото небо на Соња и слатки часови ќе светка секоја капка како сонлива роса.

Сигурно е дека Соња е сосема налутена и таа сега може само да плаче и да смика. Со неа е и нејзината поголема сестричка, ако треба и содружничка, која ја скокотка со секакви раскажувања сетуку како да е спокојна иако се стемнети доскоро цветните обравчиња на цвеќето што си го викаме  Соња.

Сестричката пее:
*Ситно бело цвете*
*Срце Слатко бело цвеќе Срце...*

Откако тоа не делува, сестричката смислува раскажување:

— Сила си, сила, сестричке мила! Ситна росичка си се сторила. Под росичка—синоличка сина, со шноличка во косичка. Под косичката смрчки сникнале, слатки ако се смуртени.

*Сестрички слабички штом каснат само*
*ќе станат смели за смеа* — о, *мамо, мамо!...*

Соња се раскикотува, си го скрива лицето и шумоли со влажните ноздри како синкаво поточе под суво сребрено лисје. Сестричката не се сопира. Таа смислува сосема  спокојно:

*Сопливо грнче од сонливо трнче сачка*
*во спуза сонува мачка...*

Соња тешко како со штрба секира го сече стемнетото небо, го расоблече од росната магла. Праша:
— Снеже! Додее! Што е тоа смрчка?
— Смрчка? — Како тебе! — Без посебно внимание рече сестричката и свирна со усните. Потоа додаде:

— Е, сега нема да сникнат.
— Зошто нема да сникнат? — сневеселено праша Соња.
— Затоа што ја снема росата...

Соња пак си го скри со раце лицето како сонце зад сомотна завеса.

— Темно—ведро! Темно—ведро! На Соња ѝ игра ребро! — си се смееше Снежа. И си го слушаше сѐ посилното липање и порои стекоа по стрмните обравчиња на Соња. Дури и по санцалите. Навистина се ражали и Снежа, но не знаеше како да ги сопре солзичките на својата сестричка. И самата заплака и низ плач зборуваше:

— Се сурина сето небо
Слатка бебо, сладок ќе е лебот
Слатка бебо...

Стигна баба им. Ги погали со раце, со сладок збор ги стави в скутник како шишарки од смрека и ги раскикоти. А тие објаснуваа:

Кога си се отвори чепчето на очите за малку без солза ќе останевме...

Двете сестрички се смееја и се милуваа. И заедно сега пееја за еден облак што учел добро во една бара и то пратиле да носи роси во Сахара. Соња тогаш беше многу малечка. Можеше да се спровре низ сито сосе сѐ и сосе С. Снежа беше првачe. Снежиното „С“ беше значително поголемо. Ако се спровреше низ тесно, можеше да се спровре само НЕЖА, без С.

## „ЗА ПРОЛЕТТА“

Маина и Оливија се сестрички. Но тие никогаш не плачат. Само се задеваат со песнички.

Оливија рецитира своја песничка „за пролетта“:

*Доде, птичке — сестричке,*
*Ајде, ајде в лет! —*
*Твој е сиот свет.*
*Штом пред мене стоиш*
*Јас в тебе ги гледам*
*пролетните бои.*

И Маина составува песничка „за пролетта“, еве вака:

*На мојата сестричка очички*
*по полјанка отиденки*

*се синкави синолички*
*од рани птички виденки.*
*На мојата сестричка лиценце*
*како цветче загубенко*
*е беличко кокиченце*
*од кикот—сонце љубенко.*

Штом така пеат за пролетта, тие се сигурно сестрички.
Сестрички на пролетта.

## ЗАПОЗНАВАЊЕ

Стариот добар учител тој ден имаше два часа едноподруго „запознавање на природата". На крајот од првиот час напиша на таблата некаков план. Горе десно на таблата внимателно забележи: ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДАТА. Тоа го потцрта со дебела линија, а под тоа напиша неколку реченици:

1. Морето сакано мое.
2. Оловни рудници во Македонија.
3. Ново школо во моето село.

Часот заврши и учителот на излегување рече: — Не пишувајте ништо во тетратките. Оставете ја таблата небришана. Следниот час ќе продолжиме. Сега на одмор!

Видливо беше дека учителот е заморен од нешто. Тој никогаш не беше заморен, работата му беше задоволство.

Дежурната четвртоодделенка беше некое доста педантно девојченце од IV—а. Тоа ја избриша таблата да биде чиста. Дежурното четвртоодделенче беше симпатично мангупче за досетки, за палавост полна со детска добрина. Тоа напиша на таблата нешто со желба да не се изнервира учителот кога ќе ја види избришаната табла. А еве што напиша ќосето по сеќавање на она што го беше напишал учителот:

Запознавање

1. Марето ја сака Маја
2. Оливија работи со Македонка.
3. Јово и Кољо со Марето седат.

Таква смисла на речениците испадна од неговото површно читање, од неговото бледо помнење на содржината што беше ја напишал учителот, а и од неговиот нецелосен и лош брзопис.

Ѕвончето ги повика децата во училница, а учителскиот благ изморен поглед ги смири. Тој рече:

— Препишете го тоа од табла, па потем ќе продолжиме.

Тој, сигурен во тоа што беше оставил, не погледна сега кон таблата, а децата почнаа механички. Само Маина застана откако ја преписа механички првата реченица. Стана немирна, сакаше нешто да рече, но учителот не ја забележуваше, или просто не сакаше да ја вознемирува работливката. Таа е одлична ученичка. Нејзината другарка е „тројкач“ и таа сè напиша за петте минути. Доживеа Маина да ѝ се смее друшката.

— Ајде Маја, прочитај! — рече изненадно учителот.

— Јас... не сум напишала...! — се откина како црвено јаболко срамежливиот збор на Маина.

Немаше време да се дорече, бидејќи нејзе учителот не само што не ѝ се развика, ами неговиот глас беше полн со простување како и секогаш, па Маина пак не можеше да ја даде својата забелешка. Учителот ја повика Мара и таа почна да чита:

— Марето ја сака Маја... Јово и Кољо со Марето седат..

Маина се насмеа, а по неа и други устиња почнаа да се шират во треперлива насмевка. Секако причинителот на смеата се виде на лице: тоа е Маина. Затоа учителот ѝ свика, но се сети нешто и чудно сериозно рече:

— Повтори  го читањето!

А кога го слушна пак тоа, натера еден друг одличник да чита. И беше покорен од срамежливото колебливо теглење на истите зборови. Тогаш погледна кон таблата и воздивна, за чудо, со израз на освежување. Наеднаш го збриша уморот.

— Ах, слатки ѓаволи! Избриша брзо со сунѓерот и се насмеа. Со прашања го започна повторувањето на лекцијата од „запознавање на природата“.

## ПИТАЧКИ ПРАЗНИК

Не знам поради каков разговор Оливија ѝ се нафрли на својата баба да ѝ објаснува:

— Прашањето не се пита и — точка. Прашањето се праша, а одговорот се пита, проси, моли — како сакаш!

Па ти питаше, ќерко...

— Леле! Јас питам — се вџаши Оливија. Не го сфаќаше бабиниот говор. Ама и се досети: — Ако питам,  ајде де, дарувај  ме!

— Речи де!

— Па, кога ќе ми купиш благо?

— Благо? — Бабата ја прифати играта и ја фати на дело Оливија како и таа употребува месни зборови. — Со благо се купува, а благо не се купува...

— Хм! Смешно! Со благо, со локум се купува...

— Што значи тоа „благо“? — ја запраша строго бабата. — Тоа значи „богатство“, „пари“.

— Ама јас барам благо — шеќерно, слатко — објаснува Оливија и покажува дека и друго запче готово да паѓа.

— Ах, тоа...

Бабата воздивна блажено и почна друга тема на разговор:

„Вчера утро ѕвончето заѕвонило на една куќна врата. Една баба и една внука биле сами дома. Бабата стара, а внуката малечка. Бабата ѝ уморена и уплашена од ненадејното ѕвонење, а внуката пргава и смела, бидејќи секој ден Ѓупчиња ѕвонеа тука.

Внуката истрча, отвори. Пред вратата зјапаа беловенечни устиња, торбичиња и партали, и се слушаа десетина мили детски гласчиња:

— Умрело дете за баничка, тетке! Умрело, умрело дете за баничка...

Внуката не се вознемири, се поднасмеа затоа што ја нарекоа „тетке“ симпатичните мали скитници.

— Умрело, а-а, умрело... дете за баничка... — цивкаа како чавчиња во пролетно гнездо.

Со сериозен изглед на тетка умееше внуката да праша:

— Кога умрело? Зошто умрело!?

— Денеска, тетке...! Умрело дете за баничка...

— Зошто не дојдовте порано? Што сте чекале досега?... Немало да умре да...

— Нам ни се спиеше, тетке! — наивно, тажно зборуваа.

— Вам ви се спиело! А умрело дете гладно... за баничка...!

Налутено викаше внуката.

— Немој, тетке! Умрело дете... за баничка — пак повторуваа тие.

— Што да правиме сега? — праша внуката и сама не сметајќи веќе да се шегува. Тие сериозни молбени погледи не можеа да се земат за игра. Можеби навистина е токму така — умрело дете...

Така размисли еден момент внуката и пак слушна:

— . . . за баничка тетке... и лепче... и по една банка дај ни...

— Е, нека ви е на здравје, — жално воздивна внучката, — ќе ѝ кажам на баба да ви даде по нешто.

Внуката влезе дома да ја повика баба си, но кога излегоа на врата, ги немаше Ѓупчињата, а ги немаше и старите пантофли на станодавката.

Внуката плачеше затоа што сметаше дека сега и тие деца ќе умрат. Зошто избегаа!? “

## ТРИТЕ МУДРОСТИ НА ОЛИВИЈА

Оливија седна среде својата работна група од ученици на кои требаше да им објаснува како се учи.

Знајте: тоа не е веќе детска игра како кога се правеше учителка на помалите во целото маало. Сега тоа ѝ беше пионерска должност.

— Сега ќе ви речам нешто што никому не сум го рекла...

— Што, што? — Како мали ластовички ги отворија своите устиња љубопитните врснички.

— Сега ќе ви речам... повтори Оливија. Ама чекајте, зошто нестрпливо копкате...?

— Зборувај поскоро, зашто нас нè чека топката...

— А-а! Јас не раскажувам за оние што ги чека топката. Не. Сега ќе ви ја објаснам мојата пионерска должност да ве научам како јас ги научувам лекциите. Ја знаете ли приказната „Како козата ги учи своите јариња“?

Оливија почна да раскажува. Девојчињата се чудеа како можело сето ова да се научи напамет. Ја молеа да им објасни. Таа — со малку потсмев кон мрзливките — рече:

— Мене ме удира учителката со книгата по глава, така во мене се стресува сета содржина...

— А-а! — завидливо зинаа тие. Ете зошто галеницата е одлична.

— Па што! — рече друга. Ајде да се удираме самите! — И наместо да учат, тие си ги искинаа книгите од глава.

Не беа глупи. Некои сепак нешто беа запомниле на часот — како што вели Оливија — тие беа удрени со Книга од учителката. Затоа веруваа дека од сегашното удирање им влегла содржината в глава.

— Не е тоа сè — уверливо им рече Оливија. — Треба и да се спие со книгата, така се учи сигурно, само ако не излегува низ другото уво.

На другиот ден на училиште сите ја знаеја по малку приказната. Само Данка не ја знаеше. Учителката рече: — Данка, ама си ми ти Данка — ден! А овде личиш на спанка. Ти само си спиела на книгата!

Данка почувствува дека најде оправдание, се охрабри и рече:

— Оливија ми рече да спијам врз книгата... Сите се насмејаа. Се смееше и Оливија и другарките што беа во нејзината група. Некоја дофрли:

— Требало да се затвори едното уво... По часовите, Данка и рече на Оливија:

— Зошто не научив ништо? Јас спиев на книгата и си го затнав со памук другото уво...

— А, кое уво си го затна?

— Десното...

— Е, требало левото. На левата страна е срцето, па затоа се спие на десното.

— Тоа не го знаев — рече Данка.

— Знаеш што? Сега ќе ти речам нешто што никому не сум го рекла: Јас си ја носам книгата на гради — на срце. Тоа помага.

На другиот ден сите дојдоа в школо без торбичиња, а само Оливија со торбиче. Се сети Оливија дека Данка им кажала.

— Стој! Стојте вие таму без торбички — извика директорот. — А-ха, за вас заврши ли учебната година, вредни мрзливки!

Децата ги извадија книгите од пазува. Гледаа злобно кон Оливија. Оливија побрза да ги одбрани, или да се оправда — сеедно:

— Директоре, јас...

Сакаше да рече дека таа на Данка ѝ го рекла тоа. но од смевот што ја дуеше не можеше да зборува.

Директорот се насмеа. Ги пушти сите на час, без збор.

Во одделението за прв пат сите беа мирни. Учителката влезе со насмевка и како утро ја озрачи директно Оливија.

— Чув нешто од директорот за тебе и твојата група. Значи: да се запомнува треба учителката да удира со книгата по глава, да се спие врз книгата и да се носи на срце...

Оливија не можеше да сфати дали беше тоа прекор, или пофалба, но знаеше дека не сакаше да ги напакости другарките.

... Да, тоа се вистински мудрости.

Оливија доби нова пионерска должност: на идниот состанок на нејзината група да им објасни на другарките што значеше тоа. Таа се подготви писмено:

— Драги другарки! Секој час нашата учителка ги раскажува лекциите. Ова е тоа удирање со книгата по нашите глави. Кој внимава, тој научува. Дома треба да се чита, да се чита, да се чита додека да се заспие со книгата. А да се носи на срце — значи да се сака книгата како пријател, како мајка на знаењето.

Нејзиниот напис беше поука за сите, и за најголемите ученици. А таа беше одвај второаче.

## КАДЕ ПАТУВА ОЛИВИЈА

Во јулската ноќ нашата патничка за Безансон се смести удобно во. својот кревет со песната:

„Моја драга краставичке,
Моја драга краставичке...! “

Со таа песна на уста патуваше во експресот Атина — Париз. Од Скопје, како игла со црвен конец се спровираше меѓу патниците, низ купињата што личеа на купчиња за играње, песок низ кој таа си правеше тунели, а конецот секаде оставаше црвени траги. Таа мораше така да се спровира сè до Венеција — Местре каде се истоварија неколку вагони. Тука се смести во едно купе со својата драга песна:

„Моја драга краставичке,
Моја драга краставичке... “

Краставичката млада, прва од нејзината мала опитна градина со три корења, која се наоѓа на терасата на деветтиот кат броејќи од горе, беше и највернo и единствено друштво, а таа беше толку жедна од пустата горештина. Ѝ останувааа два избора: Да го замислува јули како јануари и да се наметне со шалот што го остави на вратчето на едно теленце во Смоларе, или да ја изеде краставичката, да ја засити жедта, а со тоа да се раздели од другарката-сопатничка.

Додека на тоа мислеше, влезе една дебела, висока Циганка со детенце на голите гради, го тресна детенцето до Оливија и го дигна со воздишка големиот балон кој одвај го носеше во едната рака. Таа локна. На Оливија ѝ се сушеше устата, и се слушаше песна:

„Моја драга Оливија,
слатка, бела карамела...!
Да се чувствуваме убаво, убаво,
да се чувствуваме убаво, сито...! “

Не се плашеше од Циганката која рече „Пер фаворе“ и за малку ќе ја потиснеше на седиштето кога се испружи на седиштето како Осоговска планина. Но се исплаши кога го слушна гласот на својата другарката, драгата краставичка:

— Оливија, ти жедна ли си?

Оливија потврдно климна со главата.

— Оливија, и јас сум жедна. Види како жолтеам! — со тажен тон се поплака драгата краставичка.

— Што да правиме моја драга, — возбудено рече Оливија, — да открадneме ли голтка од балонот на „Перфаворе“?

— Никако, драга Оливија — зборуваше тажниот тон. Никако! Се плашам од жабја песна.

— Добро. Ќе бидам послушна.

Возот одеше сè пополека и пополека. Тоа веќе како да не беше „експрес“. Одамна никаде не застана. Нема ли близу станица? Ете, уште повеќе успорува.
— Вее-не-цијаа! — се извикнува некој глас. Вратата се отвора и долгокосо со баретче и плаво сукниче запеа:
— „Перфаворе, ил соно Даниељ! “
— Мило ми е — рече Оливија, задоволна дека се зголеми друштвото. И запеа:

„Моја драга краставичке,
се зголеми друштвото... “

— Што пееш? — праша задоволно Даниељ.
— Канцона за мојата жедна драга.. .
— Жедна? — со сожаление се искажа Даниељ.
— Да, жедни.. . и жални што си Даниељ во сукничка. Оливија мислеше дека Даниељ е, според името, машко.

Даниељ покажа на балонот од Циганката и како добар другар се напи. Оливија и нејзината драга одбија. Потоа молчеа додека Даниељ не почна да пее. Оливија ништо не разбираше од таа песна. Нејзе ѝ личеше:

„Креке, креке, кеке-ке
креке-кре...!
креке-кре! “

Тогаш краставичката нареди:

— Изеди ме, ќе бидеш среќна,
Изеди ме, ќе бидам среќна!

Оливија послуша и сети како веќе не е сама, туку заедно со татко ѝ патува, патува...

О, каков сон!

## АВИОНИ

Тој ден Борис викаше по улицата:
— Авиони! Авиони! Авиони!

Викаше, легнуваше и пак стануваше. Немаше никакви авиони. Јас истрчав дома и им реков за тоа на сите. Ми се смееја дека тој бил некој пијан, или луд.

Утрото кога се разбудив, целата наша куќа беше црвена. Јас мавтав со рацете како да пливам. Тонев во крвава река. И само слушав заглушено:
— „Авиони! Авиони! Авиони!“

Толку се уплашив, дури се разбудив. Главата ми беше мокра бидејќи ја допираше вода што течеше. Видов дека нозете ми беа врзани за самарот. Брмчеа авиони. Тоа беше вистинска војна. Уште кога сум спиел ме врзале за самарот на магарето и сме почнале да бегаме.

Беше страшно. Една тиква беше се распукала на патот. Баба Гина се нафрли на неа и ја зеде внимателно, како да го зема детето што паднало од магарето. Од таа тиква вечеравме ние децата, додека се криевме во шумата првиот ден.

На другото утро Борис пак викаше:
— Не бојте се! Наши се!

Некои расправаа дека авионите биле германски, други — дека се бугарски.

Јас се плашев од сите тие авиони. Тоа беа страшни авиони, а покрај тоа — не наши.

Авиони како диви гуски кои претскажуваат смрт.

## ПАТУВАЊЕ

— Деца! Новина! Патуваме за Франција! Земете ја картата на Франција! — ни рече денес наставникот по географија. — Погледнете ги полињата, морето, планините. Бирајте место во Франција!

— Учителе, може ли да патуваме со авион?

— Не. Подобро е со експрес, но ние ќе патуваме со стапче.

— Стапче! Волшебно стапче! — се чудеа децата.

— Стапче! — Дали е волшебно, што е тоа важно! Што е тоа важно, — повторуваше наставникот. — Волшебно? Не постои такво нешто.

— Како ќе патуваме...! Како ќе патуваме сите заедно со стапче?

— Ајде деца, ајде! Групно! На море!

— Да минеме толку планини до море, о, па подобро е со авион.

— Оливија, што мислиш ти?

— Што!? Ништо. Тоа не ме интересира. Јас ги сакам планинските езера. И бидејќи имаме такви кај нас, зошто да патуваме во Франција?

— Ама мораме деца. Пазете! Веќе доцниме десет минути.

— Од последната клупа се слуша потсмешлив глас:

— Внимание, внимание! Патничкото стапче доцни десет минути.

— Тишина, — се лути наставникот, — патуваме со експрес. Поставете го показалецот на градот Струмица...

Пак гласот:

— Внимание, внимание! Експрес-показалецот е поставен на првиот.. .

— Но Струмица нема железничка линија... ! — се буни едно дете.

— И не треба. — Писна наставникот и во тој момент како да свирна испуштена пареа, зататни тлото, тргна „возот“. Тропаа нозете, а показалците не се помрднаа.

Наставникот се насмеа, смирено ги замоли учениците да запрат и сериозно соопшти дека „експресот“ доцни веќе цели четириесет и пет минути.

## САКАМ ДА ВИ ПОДАРАМ НЕШТО

Драгичка, ученичка во едно наше основно училиште, ми се обрати многу доверливо:

— Сакам да ви подарам нешто, другар директоре...

Ме зачуди тој пристап на едно селско девојче. Но да ви објаснам како дојде до тоа.

Ние со Драгичка не сме непознати. Еден ден со „фиќо“ сопрев пред една куќа во селото Н. претпочитајќи дека токму таа куќа е на деветчленото семејство од кое седум се деца — ученици, и тоа одлични ученици.

— Тоа ли е куќата на домаќинот Д.? — го прашав малечкавото девојче.

— Да. Тоа е нашата куќа. Дома го нема татко ми. На нива е.

Јас изгледа направив гест на незадоволство, па затоа таа брзо се дополни.

— Дојдете дома. Мама е дома... Лежи... болна е, — додаде испуштајќи ги последните зборови стегнато, со претпазливост.

Појдовме. И видов дека Драгичка е вистинска домаќинка во куќата. Во сè ѝ помагаше на мајка си. И ништо не недостасуваше во поглед на гостопримството. Драгичка е и разговорлива, и доста снаодлива.

— Ти одиш на училиште, нели? — ја прашав, оти ми изгледаше многу малечкава.

— Да. Во септември ќе бидам седмо одделение. — рече.

И ете, од таа средба помина едно лето и една есен. Јас би заборавил веќе на таа мала средба, во куќата на таа мала слатка домаќинка, ако не го посетев училиштето каде што учи таа. Пред мене се насмевнуваше скоро девојка, рече „добар ден“, ја испружи раката за поздрав, и јас, прифаќајќи ја од срце чистата детинска рака, пријателски испружена, го слушнав познатиот глас:

— Како сте, директоре?

— Драгичка! — пријатно се изненадив. — Ти си пораснала!

Таа детински се насмеа, го наведна погледот настрана како галовно маченце и рече:

— Сакам нешто да ви подарам, другар директоре...

— Првин да ми кажеш со што сум го заслужил тој подарок, — ѝ се насмеав на растреперената ученичка, која рече:

— Со тоа што ни помогнавте.  Мене посебно...

Јас не се сеќавав конкретно како сум помогнал. Претпоставувам дека тоа било при мојата посета во нивниот дом. Кога се расправаше дека е тешко да се школуваат седум деца. Дека затоа треба да се запре Драгичка од училиште... Се сеќавам, јас со таа добра мајка, мајка ѝ на Драгичка, доста разговарав додека го чекав домаќинот. И тука цело време Драгичка самозадоволно слушаше. Забележив дека како да сакаше да ме задржи да поседам повеќе, да дојде татко ѝ, и тој да слушне нешто од мене. И татко ѝ дојде. И со него доста разговаравме за тоа дека во нашата земја школувањето во основното училиште е задолжително и бесплатно. И тоа не е веќе само декларација. Зарем тоа не го почувствувале! Обезбедени се средства за постепено снабдување на учениците со бесплатни учебници, сите под одредени услови добиваат стипендии или кредит за школување во средни и виши школи и за факултет... И така натаму... Па, бесплатен превоз до училиштето...

Се разделивме со таткото на Драгичка. Во моментот не ми изгледаше повратен од зачмаеноста. Но, кога на Драгичка ѝ подарив неколку лектирни книги, тој се насмеа задоволно и ми мавна задоволно рака со зборовите:

— Ти верувам, даскале...

А сега, тука во коридорот школски, пред скаличната висока врата, минуваат многу пргави девојчиња, дечиња. Џагор, та не се дослушува секој наш збор, па можеби затоа Драгичка забриша со едната нога по цементот кога јас ја прашав:

— Можам ли да го купам Драгице твојот подарок? Но таа добро слушнала. Потем се насмеа и рече:

— Подарок се заслужува, не се плаќа подарокот.. .

По мала пауза, таа тоа го потврди! — Не го продавам.

Изгледа дека моето настроение да се шегувам не беше во прав час. А и колку да тврдев дека со задоволство најсериозно би го купил нејзиниот непознат подарок, таа не можеше да ме сфати сериозно. А еве зошто:

— Но колку деца им подаруваат на своите љубезни учители скапоцени работи — настојуваше да ми докаже. —! Во училиштето каде братучед ми учи, на класната раководителка на Осми март ѝ купиле лустер од осумдесет илјади... На учителот Х. каква табакера и машна..:

Во кое училиште? — прашав.

— Е, па не кажувам повеќе. . . Само. . . (со малку двоумење) кога ќе бидам учителка, ќе ги научам децата благодарноста да ја изразуваат со свежа китка...
Јас веќе го наслутував нејзиниот подарок. И нема да го примам. Но Драгичка сега беше готова да заплаче. И прозборе со трепет на неисполнета радост на усните:

— Ако ги сакате добрите ученици кои немаат скапоцености, вие ќе го примите мојот подарок... Мојот дневник што ви го давам за спомен...

Јас ја примив малата своерачно напишана тетратка, тој драг спомен на една одлична ученичка од село.

## ОГРОМНО „О“

### I

Орман ќе обиколам ако најдеш ти да ми покажеш олкаво О. Оди најди поголемо од ова. Ова О, Оливче, означува орбита. Обиди се да го опкружиш, и ти самата ќе означиш олкав обрач околу твоето обично име. Оттука, од ова олкаво О ќе отпочне да околи твоето лево окце, оп, и десното окце се ококотува... Одеднаш обравчето се осмевнува, устето се огласува и осмевот се ожарува како одблесокот на Ориентот. И твоето олкавичко име се откинува од орбитата на огромното О во одделна опашеста ознака: О-ли-ви-ја.

### II

Огромната буква О го откри името на Оливија.

О! Осата има окца како олкавенкичко О. И обичниот обрач е О. Со облина округла.

Облачето обесено, ој, онаму особено одговара на О.

Овде, едно огледало огромно, на еден орман обоен, во основа е буква О, обоена оловно. О, одблесок! Ослепев...

Оливија има едно мало огледалце, ама не — обично. Оливија вели дека има огледало со очи. Ние сите погледавме во тоа огледалце. Навистина има очи.

Какви очи има она огледало на Оливија?

Очите на моето огледалце се со боја на какао — одговара Оливија.

Олгица отспротива се огледува и се огласува: Ова огледалце има ореови очи.

Омер Османов, оди онака, се огледува и онемува. Орде објаснува дека навистина огледалцево има око со боја од орев.

Темјанушка: Оди, одмори се, Ордане. Јас ги гледам сините очи на огледалото.

О! Озборувања! Какви очи навистина има огледалото во формата О? Одредете деца!

Обравчето му е осмевливо, ама какви му се очите? Огледајте се за обид.

Огледалцето има онолку особини, колку она што се огледува во окото негово кога огледалото не си се огледува.

## СЕСТРИЧКИ

Вања нацрта четири девојчиња. Прво косата:

Едното, со две пашкички. Другото, со куса косичка до ушите и со шишки на челото. Третото, дебелко, а пониско од првите две, одвај дали имаше косичка. Четвртото со нежни куски кадрави влакна.

Вања зема бои и почна да го бои цртежот. Почна пак од косата:

На првото девојче му ја обои косата со бледокафена боја. На второто девојче му направи сјајноцрна коса. Третото го окоси црвено. А четвртото девојче доби сивомаслинеста коса.

Лицата ги обои вака:

Првото, со розово лице. Второто лице го обои бело. Третото жолто, четвртото — црно.

Потоа се зафати со облеката: Првото девојче го облече во облека бела со везови. Второто, со кимоно до земја. Третото со обична сина блуза, и толку. Четвртото го остави голоградо, само со еден појас од тенка крпа на половината.

— Што е овој свет во бои — потсмешливо забележи учителката.

— СЕСТРИЧКИ. — важно рече Вања. Зарем не се сите исти?

— Па, исти се, исти, — се поправи учителката и гласно размислуваше: — Сите се луѓе — исти се.

Вања беше задоволна со својот цртеж што го именува како „сестрички од цел свет“.

## БРБУРКАЛА

Имаше Борче една сина книга. Навистина, со цртежи на чамци, бродови, риби и биби... Но, книга си е книга, а вода си е вода. Ама штом има биби и риби, а уште повеќе штом има чамци и — тоа е сигурно море. Такво е морето.

Борче ја нурнува главата во синилото. Мижи и диши. Заборава да го сопре дишењето под „водата“ и почнува: Бр-бр-бр-бр... Клу-клу-клу...

— Видовте ли колкави меури од водата?! Децата не видоа и рекоа дека не виделе.

— Е, за да видите, ставете ја главата тука, во водата.

— Брбук-брбуук-брбуук!... Борбрб — клукклук...

Сите брбукаа да ти се причини дека собата се исполни со вода и меури. Но Билјана не брбукаше.

— Јас ќе ги пукам меурчињата — рече. — Пам, пам, пам! — ги испука таа сите и ја растури играта на Борче. Борче се расплака.

— Каде, каде се меурчињата? ! ... — се лутеше. Тоа беше негово море, тој го измисли брбукањето и требаше тој да ги пука меурите.

По едан час, цело маало брбукаше во собите. А Борче веќе тоа го правеше во бањата — си се капеше и си играше.

Потоа, кога дојде чист кај белата Билјана, љубезно се бакнуваа, се бакнуваа и не се караа.

Имаа четири исти очиња, како копчиња од мантилот на пролетта.

## МОМЧЕ ОД ПРИКАЗНА

Момче е убаво именце и убаво момченце. Помалечко е од Зоки Поки. Уште помалечко е од Алиса. Вие тие слатки именца веќе сте ги запознале од книгите, нели?

Момче дојде еден ден кај мене, кога јас планирав еден школски весник. Кога доаѓа кај мене секојпат, обично се загледува и ги засакува моите „венецијански девојки“, потоа ја гледа Алиса во шведскиот моновизор. Но вчера, кога дојде, ме изненади неговата брзогледост и прашање:

— Што правиш ти како мама на тие широки бели чаршафи?

Бев распослал голем бел табак хартија и ги давав сликите и текстовите за весникот. Некаде бев залепил песничка од Оливија, некаде раскасче од Марија, тука близу беше цртежот од Ванче. Сите се ученици од II одделение. Меѓу текстовите беа цртежи: шума, цвеќиња, осамено дрво, ученичe. Тоа ое, исто така, детски цртежи. Табакот личеше на поле со ниви, браздени и небраздени. Тоа беше најлесно да се разбере. Се забележуваше. Нашиот Момче можеше да ме остави на мира, но ете, тој сака разговор и јас морам да одговарам на сите негови прашања. Му реков:

— Тоа се ниви.

— А тоа?

— Тоа е шума.

— А тоа паркот ли е?

Тоа е парк. Да, тоа е парк — повторував.

— Јас каде сум?

Ти, еве си — покажав на ученичето — цртеж.

— Хи! и јас сум тука! — се радуваше. — Зошто сум и јас тука?

Тоа негово прашање ме заскокотка. Зошто и тој е тука, сега се поставува прашање на кое пак нешто морам да одговорам.

— Зошто?!... Ти си, за да биде приказната.

— Каде е приказната?

— Еве, во оваа нива е посејана — му покажав.

— Хи! — се мекавеше од милост. — Јас сум излегол од приказната и одам во нивата што е посејана со песнички...! А таа нива што ти е посејана?

— Таа, ништо.

— Зошто не ја посееш?

— Не е изорана, не е избраздена, затоа...

— Дај јас да ја избраздам. Јас ќе сум орач... Јас нема да учам школо. Дури да видам, со едно хемиско пенкало напишал неброени слободни шарки. Немаше повеќе прашања. Сè беше „напишано на табакот“. Веднаш посака да си оди и на тргнување рече:

— Кога ќе си наберам песнички од твоите ниви, јас ќе бидам голем, нели?

Му мавнав рака и ја избришав лутината поради неговата невешта игра. Такви дечиња излегуваат од приказните, но и сами влегуваат во некоја приказна.

## ЧЕДО И МИЛА

Кај нас дојде учителот, рече дека ќе оди по селото да запишува деца за в училиште. Јас ги знам сите деца, а мене никој не ме знае, оти со никој не сум разговарала. Се плашев од децата. Сум ги слушала како зборуваат за сестра ми. Коле ќе ја затворел во кибритна кутија, Панче ќе ја убиел, Биља ќе ѝ скубнела крилце...

Со учителот Чедо сум сигурна.

— Има ли во оваа куќа дете за в училиште? — праша.

— Има две. Едното трча по пеперутки, а другото фаќа ракови и риби. И од жаби не ое плаши — реков.

— Едно е за на училиште — рече учителот Чедо. Потоа појдовме во една куќа со трем, каде си играа куп деца. Кога нè видоа сите заиграа „гоница“ и „криеница“. А нивните кучиња ни понудија апаница. За среќа излезе мајка како птица од седало, скорната од лаежот на овчарците.

— Оди Мила, оди Чедо...! Не апат, бесот да не ги фати! Уа!...

Учителот Чедо ме погледна со чудење од каде жената му го знае и името. И јас се чудев како погоди таа дека јас сум Мила?!

— Какво добро, мила? Кажете на баба, чедо! — нѐ галеше со милозвучните наши имиња та мене срцето ми се топеше од добрина.
Учителот рече што имаше да рече, а таа пак:

— Арно бе, чедо. Арно, арно, мила...

Потоа појдовме во многу други куќи и секаде така ни се обраќаа на име, како секојден да сме биле заедно на една софра, или како тие да нѐ имаат крстено —

Мила, Чедо...

— Бабо, — рече учителот најнакрај, во една куќа.

— Јас во местово сум првпат. Ама, од каде сите мајки ми го знаат името?... Еве, и нејзе — покажа на мене.

— А како ти е името, бе чедо? — праша бабата.

— Чедо.

— А ти мори, мила? — и мене ме праша бабата.

— Мила...

— Бабините!... Да сте ми живи! — рече. — Ние така ги викаме сите од милост... Ииихх-хи-хи-и!...

Пукнавме од смеа. На бабата ѝ падна безболно последниот заб и пак се смееше уште послатко.

— Е, куртул да немате од арно, што арно ме расмејавте!... рече на разделување.

Оттогаш постојано се смејам, на сите светски јазици.

## МАЛИОТ ЖЕГАВЕЦ

Пред многу години жегавците биле говедари. И тоа, добри чувари — кротители на селска стока. Ќе ви раскажам за Малиот Жегавец како ја урна довербата што ја уживаа жегавците во Трапот на светливите црви.

Во еден летен ден, пред Петровден, го испратија Малиот Жегавец да ги пасе говедата во Трапата отаде реката. И, ги чуваше, ги шикаше, ги потеруваше по паша тој, а тие беа мирни, си ги мушкаа белите муциња во сенките на дивите трендафили, си наоѓаа солена трева, си мирисаа росен, си жгрибаа зајчова тревичка и млад троскот. Така до пладне им се надуваше десната лопка од страната на стомачиштето. Тогаш Малиот Жегавец сакаше да ги води на поило, но на говедата не им се оставаше таа зелена убавина на Трапката отаде реката. А Малиот Жегавец сакаше да ги води на поило за тука покрај реката, додека на песок ќе лежат говедата, тој да си поигра со другите животни: ќе ги скокотка магарињата. Многу сакаше да скокотка.

Бидејќи мирните говедца си сакаа зелена сочност, тешко беше да ги потера кон реката. Малиот Жегавец почна да ги скокотка де едно, де друго, да ги боцка, дури жегаше како жар. Тогаш говедата кое клоцни, кое бувни — сите ги кренаа опашките да се чудат што му е на нивниот чувар. А тој жега ли, жега...! Тогаш во очите на говедата Малиот Жегавец им се виде како големо чудовиште, кое со долг сврдел им го дупчи 'рбетот. Се уплашија и се дадоа во бегање на сите страни низ поле. Јурнаа право кон селото — Трапот на светливите црви, низ лозјата кинеа и влечеа лозници. Дојдоа до пчениците, ги испогазија, размрсија, оризните полиња ги израмнија — се разлеја непотребно водата најпотребна за оризните тенки стеблинки. Ги изгазија ливадите, ги уплашија мравите трудбенички и уморените светулки кои дремеа во ливадите. И, којзнае каде отидоа, а дома не си дојдоа ни таа, ни другата вечер. Оттогаш ни Малиот Жегавец не дојде в село, туку појде во блатните трскарници, се закопа во калта и ја задоволуваше својата немирна страст — боцкање кога некој неспортски рибар ќе влезеше да лови риба... Леле, мајко! Жега...!

## ЦРНЕЦОТ МРАВ БЕЛОГЛАВ

Ме повикаа во војска. Ме повикаа во март, месец кога ние светулките сè уште не ги палиме светлата. Грешка ли беше, или подигравка — но, јас се јавив на повикот.

До железничката станица одевме јас и Црнецот Мрав. Среќа што со него се сретнав. Него, како и мене не нè поднесуваа разбучените регрути. Тој, оти беше црн, а јас оти бев женско. Сите наоѓаа начин нам да ни се потсмејат, да нè насамарат. Затоа ние се зближивме. Всушност, тој прв ми пружи рака другарски, услужно.

— Дај ми го куферот! — рече. — Јас сум носел такви работи, тоа е моја професија.

Јас не чекав двапати да ми рече, оти навистина бев малаксала под тежината, но веднаш почнав да размислувам како да му се оддолжам.

Кога нè построија во војниот круг, јас застанав до него. Кога прозиваа и прашаа кој какво училиште има завршено, Црнецот Мрав срамежливо изјави дека од малечок работи и немал време да научи да пишува.

— Што работиш? — го прашаа.

— Трудбеник. — рече, и притоа ја подигна главата за да се прочита гордоста што ја чувствува оти е трудбеник. И јас ја подигнав главата, како и јас да бев трудбеник. Се гордеев со него и со тоа што стекнав пријател-трудбеник.

Потоа јас бев на ред да си ги дадам податоците.

—Неписмена. Светулка Полска — Мила, наречена — реков.

Не сакав да изјавам дека имав завршено полска гимназија, оти сакав да бидам со Црнецот Мрав. Мрав беше задоволен од моето содружништво.

Вечерта, кога го отворив куферот и го запалив фенерчето оздола под креветите, тој забележа многу книги во мојот куфер.

— Зошто ти се? И ти не знаеш да читаш.

— Утре ќе учиме да читаме.

На другиот ден почнаа да нѐ описменуваат. Тоа траеше две недели, додека другите војници копаа канали.

— Полесно би копал — ми се жалеше Мрав. Тој, кутриот не знаеше дека прва работа во војска
е да научиш да пишуваш..

— Пропадна твоето копање, братче! Ајде да читаме, јас ќе ти помогнам — му реков додека ги гледав испотените регрути зад оградата.

— Ти знаеш да читаш — се изненади кога му прочитав приказна за Штурецот и Мравот. — Ти читаш приказна за мене — се воодушевуваше.

— Шшш-ш-т! — сторив. — Тоа е наша тајна. Јас знам сѐ, но се јавив за да ти правам друштво. Штом научиш и ти, ќе речеме дека сме научиле и двајцата.

На Црнецот Мрав му побеле главата од возбуда. Ако видите таков мрав, да знаете тој е — писмениот мрав.

## КОКОШКАТА БОЛЕСТ НОСИ

Кокошката болест носи. Ама тоа беше бела кокошка. Ама, тоа беше единствена бела кокошка во селото. Селските кокошки беа црни како „вампири", како „мачори". Тие зборови ги употребуваа старците, а мачорите не се сите црни, како ни „вампирите" — јас ви тврдам. И ѓаволот не е црн.

Кокошката, белата кокошка беше донесена од градот, подарок на мојот добар татко, толку подарок колку да се наплодат кај нас бели пилиња. Но, тоа беше вистинскиот ѓавол преобразен, — ви велам. Баба Цвета ми има раскажувано за тоа зло преобразување. Таа ме спаси еднаш кога и јас се бев преобразил во „бел ѓавол". Добро е што е баба ми понекогаш со мене.

Тој ден, кога ја забележав белата кокошка како пасе крај чешмата, кај водениците, баба ми не беше со мене. Јас стоев на порти — ја видов белата.

Ах, ѓаволка! — помислив осветнички, но тоа беше само миг. Потоа, не знам, не знам како, се заиграв со фрлање камчиња.

Така си играат сите осамени селски деца, сите во селото. Фрлав високо до небото, далеку до непознатото место. Потем почнав да нишанам на Чуката. Сакав да ја погодам Чуката над водениците. Тоа еднаш ми успеваше — стопати не. И, најпосле, се определив на покус домет: по ќерамидите на воденицата на Вуј Крце. Ама препукаа ќерамидите и еден миг тоа ме сопре. Но, бргу, бргу, нешто одвнатре ме поткрена силно:

Удри! ми рече душата. — Што убаво крцкаат керамидите! Еднаш во досегашниот живот сум чул вака да  крцка чоколадо меѓу моите млечни заби, еднаш... Но ова е вторпат... вторпат! и неограничено крцкање.

Ми доаѓаше слатко во устата, во срцето. Кршењето на чоколадните ќерамиди ми делуваше како кршење на вистинско чоколадо, чиј вкус го имам само слушнато.

Ох! — се прејадов најнакрај.

Тогаш, пак ја забележав белата кокошка онаму преку водата, преку вадата. Фрлив еден камен онака „за последно". Беше крај на моето играње и си отидов да барам варено јајце од белата кокошка.

— Не може. Тие се за приплод — рече благо баба ми. Друго бело јајце баба ќе ти свари...

— Не сакам. Не сакам и, толку. — реков силно, злобно, налутено. И додадов: — Да умре таа кокошка! Да умре довечер!...

Со тивки солзи појдов во бавчата „Купчеџе", а си шепотев додека ми мина лутината: „Ќупчеџе-ѓупчеџе... да умре СЀ!"

Вечерта беше поврзана со црни крпи скршената нога на белата кокошка. Три месеци ја лечеше баба ми, исто како што ме лечеше мене кога козарот Благој ми го дупна челото така со камен.

— Пак се преобразил ѓаволот, Панченце! — се крстеше баба ми. Мене ми беше јасно сега сѐ, само не ми беа јасни зборовите, тие мои чудозлотворни зборови „ќупчеџе-ѓупчеџе" коишто злобно ги повторував денес и зло донесоа.

## МОЛИВИ ОД ШЕЌЕР

Во училиниот двор, пред самата врата на основното училиште, шеќерџијата имаше убаво место за пазар, за продажба на розови цигаровидни жвакачки, оранжести шеќерни свирки, сусамки, семки и кикиритки. Не е возможно да не се надразнат детските носчиња. Не е можно да не посакуваат нивните очиња нешто од сето тоа.

Но, децата не погледнуваа.

— Не е можно децата да немаат веќе бели парички — се чудеше дедото.

Но децата брзаа само за една работа. Тие брзаа да купат моливи, а тие се купуваа само кај автобуската станица, во трафиката. Шеќерџијата не разликуваше дали сè исти деца трчаат за моливи. Веруваше дека сите деца, на секој одмор трчаат по моливи. Затоа пресмета дека ќе има добра печалба ако тој продава моливи. Но, да се разбереме: шеќерџија си е шеќерџија. Неговите моливи не би биле негови ако не се шеќерни.

Првиот ден кога дојде со моливите, децата навистина му се израдуваа. Право забележија: — Мо—ливи Б.

Едно дете слегуваше по скалите и мрмореше:

— Ќупче, е—ѓупчење! Да би-де-точ-но-сè!... Дедото разбра дека детето правело писмена работа по мајчин јазик. Но што му значеа тие слогови, не разбра.

Дедото ги триеше рацете исчекувајќи да му каже детето дека со благите моливи ја работело писмената.

— И? — праша дедото.

И... до половина со еден молив од половина со друг...

Дедото разбра дека се работи со неговите моливи, праша:

— А зошто така?

— Оти ми се истроши првиот.

— Е, многу си бришел со таа твоја розова гумичка.

— Е, многу сум лижел... Не дедо, но брзо се трошат...

— Божем ги правев чудотворни! Ги правев предметни!... Аха!... Прошепоти: Значи, брзо се трошат, ќе има пазар. Само, пак да нема несреќи! — му се сврти на детето. Другпат колку напишеш толку. Едно моливче е за еден час, што велите вие учените — за една задача.

Размислуваше дедото да е токму така како што вели. Да има молив посебно за секој предмет и на него да пишува „молив по природа“, „молив по мајчин“, „прво пишување“... И мојата работа подобро ќе оди...

На другиот ден забележи како да се случило тоа чудо за кое размислуваше вчера. Дворот се исполни со деца и сите брбореа исти слогови како болните бладења на Гулупле, или како игра:

Ќуп—че—џе—ѓуп—че—џе—да—би—де—т—о—ч— н—о—СÈ — извикнуваа.

Тој ден беше весело.

По два дена, на час за поправка на писмената работа по мајчин јазик, беше вистинска мешаница. Тетратките беа чорба од „природо“, „прво пишување“ и „последно пишување“.

— Вие деца сè сте испомешале! — викна учителката.

Децата беа лути на дедото со моливите. Лути, само поради ненапишаното напатствие за употреба на моливите.

И шеќерните моливи беа за лижење. Со нив воопшто не грешеа забавачињата.

## ГЛАГОЛЕЊЕ

Неславно помина Гулупле со својата писмена работа. А задачата на писмената беше многу проста. Толку лесно им даде учителката: по свој избор секој да си земе по две реченици и да ги анализира, што се вели — да ги расчлени видовите зборови и деловите на реченицата.

Гулупле многу размислуваше. Тоа беше толку просто. Сè знаеше. Затоа бараше редок пример. Прво се сеќаваше дека секоја целосна мисла е реченица. Во тоа не можеше да погреши. Секој збор во реченицата, ако за него се зборува — е главен. Тоа е подметот... Прирокот секогаш е глагол, т.е. — секој глагол е прирок. Секоја реченица мора да има глагол. Гулупле е сигурен, нема да погреши.

Најпосле ја напиша следната реченица: ГРАДАМ Е ГЛАГОЛ.

И го опиша објаснението: Во оваа реченица морфолошката анализа го дава следново: ГРАДАМ — е глагол.

А што е — Е?

И Е е глагол. Помошен глагол.

А ГЛАГОЛ!? Што е ГЛАГОЛ? ГЛАГОЛ, тоа е именка. Потоа ја даде синтетичната анализа.

ГРАДАМ е подмет. Прирок е — Е ГЛАГОЛ. Тоа е именски прирок составен од глаголот Е и именката ГЛАГОЛ...

Втор пример му беше: ПРИРОКОТ Е ГЛАГОЛ. Тоа е една реченица во која ПРИРОКОТ е именка, а за ГЛАГОЛ веќе зборувавме. Секојпат глаголот е прирок. А овде се зборува за ПРИРОКОТ. Значи, ПРИРОКОТ е подмет во таа реченица, а глаголот Е, со именката ГЛАГОЛ е прирок и тоа пак именски прирок.

— Дали е сега јасно? — важно праша Гулупле, а очите му се набодеа врз црвениот „кец“ и протекоа крваво, се разлеаја по писмената тетратка. Децата рекоа: Сепак точно е СÈ. Учителката му се извини на ученикот, како што е ред во такви случаи.

## „ЗА ЕСЕНТА“

Во огромното осумгодишно училиште владееше толку пријатна тишина кога влеговме. Одевме по долгиот коридор кон канцеларијата на директорот, кога наеднаш грмна хорско рецитирање:

и—о—у—а—е — а —е—е—а—е—о<br>
и —е—а —а—е<br>
и —е—а —а—е (пауза)<br>
—о—у—о—оу—и—е—а—и—о—е—о (долга пауза)

Како што гледате, го забележавме она што го разбравме. Ништо не разбравме освен што го доловивме ритмот на стихотворбата. Не беше лошо, но беше многу звучно, писливо. Затоа се заинтересиравме да видиме на самото место. Да не речете дека прислушнувавме. Не, тоа никако. Влеговме и прашавме што е ова.

— ОБИЧНА ПЕСНА. — ни рекоа децата во хор.

— Оваа обична песна!? — се зачудив.

— Да. ОБИЧНА ПЕСНА — рече Вера. — Кога влегов на час, децата несложно ја читаа на глас. Ги заслушав, ми стана интересна и ги натерав сложно да ја прочитаат. Ете... му дојде како свечено да ве дочекуваме. Ќе ја слушнете ли?

Една ученичка самоволно почна да ја чита таа ОБИЧНА ПЕСНА:

Ѝ го украле на есента грозјето
И сега плаче
И сега плаче — Под туш од солзи се капи лозјето.
Ѝ го украле на есента винцето
И сега плаче
И сега плаче—

Се весели на стопанот лицето. (Од Радован Стоилов. — рече). Беше есен, а на лицето на рецитаторката Драгица грееше сонце.

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

**Радован Стоилов** е роден во с. Смоларе, Струмичко 1937 година. Основно образование завршил во родното место, гимназија во Струмица, виша педагошка школа во Штип, а Филолошки факултет, група југословенска книжевност, во Скопје.

Работел долго време како просветен работник — наставник и директор на основното училиште „Мануш Турновски“, во Ново Село, Струмичко, како професор по македонски јазик и литература во средно училиште и како просветен советник во Струмица.

**Какокалинка** му е првата книга раскази за деца. Исто така, ги има напишано и книгите: **Цвет на сонцето, Јас и зората од село**, **Небесна долина, Плодови на адвентот, Воскрес на духот (1-4), Љубовта на јагулата, Ѕвездичка на гребенот**

СТРУМИЦА, 1977 ГОДИНА